ОКТА

# СООПШТЕНИЕ

31 јули 2025

## Финансиски резултати за втор квартал/прва половина од 2025 година

## Стабилни резултати во првата половина од годината како резултат на стратешкиот и таргетиран одговор на трендовите на енергетскиот пазар

| Втор квартал 2025 | Втор квартал 2024 | % Δ | (износ во милиони денари) | Прва половина 2025 | Прва половина 2024 | % Δ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.012 | 11.668 | -23% | **Приходи од продажба** | 17.779 | 22.540 | -21% |
| 284 | 262 | 8% | **Бруто добивка** | 437 | 560 | -22% |
| 152 | 159 | -4% | **Оперативни трошоци** | 305 | 318 | -4% |
| 132 | 103 | 28% | **ЕБИТДА** | 249 | 241 | 3% |
| 129 | 37 | 248% | **Добивка пред оданочување** | 236 | 114 | 107% |
| 120 | 32 | 276% | **Нето добивка** | 216 | 99 | 118% |
| 167 | 147 | 14% | **Прилагодена ЕБИТДА*** | 305 | 257 | 19% |

*Прилагодена на ефектот на вреднување на залихите

Во вториот квартал од 2025 година, светските нафтени пазари останаа нестабилни, погодени од геополитичките тензии, прилагодувањата на производството на ОПЕК+ и умерен раст на побарувачката. Цената на Брент суровата нафтата накратко надмина 73 долари за барел по израелските напади врз иранската инфраструктура, додека стравувањата од прекини во Ормутскиот теснец создадоа нови ризици околу снабдувањето. Истовремено, зголеменото производство на ОПЕК+ и американското производство на шкрилци сигнализираше презаситеност на пазарот, вршејќи долгорочен притисок врз цените. Инфлацијата и санкциите на ЕУ врз руските деривати ги зголемија трошоците, додека растот на глобалната побарувачка  се намали на најниско ниво од 2009 година до денес, поттикнато од силната потрошувачка на земјите во развој, но и стагнацијата во развиените економии. На нашето работење во Република Северна Македонија, оваа динамика влијаеше на зголемување на увозните трошоци и поголема ценовна нестабилност,  што наложи примена на агилни стратегии за набавка, со цел заштита на маржите.

**Во вториот квартал од 2025 година**, обемот на продажба достигна вкупно **294 илјади м³**, што претставува **пад од 3% на годишно ниво**, пред сè поради зголемената конкуренција од Албанија на косовскиот пазар. **ЕБИТДА во вториот квартал од 2025 година** ги надмина резултатите од претходната година за **28%**, во услови на повисока продажба на домашен пазар, намалено негативно влијание од вреднувањето на залихите во споредба со истиот период лани и повисоките маржи од тргувањето со енергија. **Прилагодената ЕБИТДА** изнесуваше **167 милиони денари**, што е **зголемување од 14% споредено со истиот период лани**.

**Во првата половина од 2025 година**, приходите од продажба изнесуваа **17.779 милиони денари**, што претставува намалување од **21% споредено со истиот период минатата година**. **ЕБИТДА** забележа мал раст во споредба со истиот период лани, како резултат на зголемените продажби на домашниот пазар, подобрените извозни маржи, зголемена трговија со електрична енергија со повисоки маржи, како и намаленото негативно влијание од вреднувањето на залихите (56 милиони денари).
**Прилагодената ЕБИТДА** достигна **305 милиони денари**, што претставува **раст од 19% споредено со истиот период минатата година**.

**Добивката пред оданочување** се зголеми за 107% на **236 милиони денари**.

Во согласност со своите стратешки приоритети и посветеноста на одржливиот развој, компанијата инвестираше **12 милиони денари** во проекти за обновливи извори на енергија во текот на првата половина од 2025 година. Ваквите инвестиции ги нагласуваат континуираните напори на компанијата за намалување на емисиите на јаглерод диоксид и забрзување на транзицијата кон почисти извори на енергија, а воедно и остварување на видливи економски придобивки.

ОКТА ја потврди својата посветеност на безбедноста на патиштата и општествената одговорност во вториот квартал од 2025 година, во согласност со нејзината Стратегија за општествена одговорност. Во соработка со **Министерството за внатрешни работи** и **Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**, компанијата започна две кампањи за подигање на јавната свест, фокусирани на подобрувањето на безбедноста на патиштата. Понатаму, ОКТА донираше дрон опремен со напредна технологија за рано откривање пожари на **Јавното претпријатие Национални шуми**, зајакнувајќи ја неговата улога во спречувањето на пожари. Иницијативата беше надополнета со едукативна кампања насочена кон подигање на јавната свест за ризиците од невнимание.

Компанијата исто така продолжи да ја поддржува културата преку спонзорирање на повеќе еминентни културни настани. Во текот на вториот квартал од 2025 година, ОКТА остана силно посветена на развојот на младите преку иницијативи во кругот на компанијата, како што се програмата „Учење преку работа“, праксите и програмата за доделување на стипендии.

Обезбедувањето на сигурно и непрекинато снабдување останува врвен приоритет во денешната динамична средина. Преку континуирано следење и проактивен пристап кон управувањето, ОКТА брзо се справува со потенцијалните нарушувања. Во исто време, фокусот на автоматизација и иновации ја подобрува нејзината оперативната ефикасност и отпорност - овозможувајќи ѝ на компанијата да ја задоволи растечката побарувачка, а воедно да придонесе за поширок општествен напредок и долгорочна одржливост.

Преку воведувањето на иновации и адаптабилност, ОКТА не само што обезбедува континуитет, туку и придонесува за подобрување на општеството, поттикнувајќи одржлив напредок и стабилност за сите.

**За повеќе информации, Ве молиме контактирајте ја:**
Огнена Ничота Стаменкова, менаџер за односи со инвеститори, ostamenkova@helpe.gr